# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## на Република Северна Македонија

**Број 205** **21 август 2020, петок** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2538. | **Одлука** за избор на претседател на Собранието на Република Северна Македонија........................................ | 2 |
| 2539. | **Одлука** за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија............................. | 2 |
| 2540. | **Решение** за разрешување од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово.......................... | 2 |
| 2541. | **Решение** за разрешување од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Ресен...................... | 2 |
| 2542. | **Решение** од Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија........................................ | 3 |
| 2543. | **Решение** од Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија........................................ | 3 |
| | **Огласен дел**...................................... | 1-12 |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2538.**

Врз основа на членот 67 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членот 21 став (1) од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 21 август 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

I. За претседател на Собранието на Република Северна Македонија, се избира м-р Талат Џафери, пратеник во Собранието на Република Северна Македонија.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2519/1
21 август 2020 година
Скопје

Заменик претседавач на Конститутивната седница на Собранието на Република Северна Македонија,
**Горан Мисовски**, с.р.

**2539.**

Врз основа на членот 76 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членот 2 точка 7 од Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 64/17, 73/17 и 33/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 207/19), а во врска со членот 20 став (1) од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 21 август 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ, ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ, ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРАШАЊА НА ИЗБОРИТЕ И ИМЕНУВАЊАТА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

I. Во Комисијата за прашања на изборите и именувањата се избираат

а) за претседател
Костадин Костадинов и

б) за заменик на претседателот
Мухамед Зеќири.

II. а) За членови:
1. Горан Мисовски,
2. Јован Митрески,
3. Фаница Николоска,
4. Фадил Зендели,
5. Мерита Колчи- Коџаџику,
6. Арбен Зибери,
7. Антонијо Милошоски,
8. Александар Николоски,
9. Дафина Стојаноска,
10. Игор Јанушев,
11. Никола Мицевски и
12. Сурија Рашиди.

б) за заменици членови:
1. Моника Зајкова,
2. Павле Трајанов,
3. Сања Лукаревска,
4. Мартин Костовски,
5. Берат Ајдари,
6. Арта Билали-Зендели,
7. Владо Мисајловски,
8. Благица Ласовска,
9. Ане Лашкоска,
10. Марија Петрушевска,
11. Кирил Пецаков и
12. Хусни Исмаили.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2520/1
21 август 2020 година
Скопје

Претседател на Собранието на Република Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2540.**

Врз основа на член 190 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019, 146/2019 и 275/2019) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 август 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕН НА ОРГАНОТ ЗА НАДЗОР НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ТЕТОВО**

1. Соња Трифуновска се разрешува од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово, на нејзино барање поради постоење на состојба на судир на интереси.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 1620/2
18 август 2020 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**2541.**

Врз основа на член 102 став 1 точка 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019, 153/2019, 180/2019 и 275/2019) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 август 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР – ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ - РЕСЕН**

1. Ивана Трајчевска се разрешува од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Ресен, поради постоење на состојба на судир на интереси.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр. 20 – 1799/2
18 август 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2542.**

Врз основа на член 207 став 1 точка ѕ) од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РСМ“ бр. 95/2005, 25/2007, 07/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 31/20), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 13.8.2020 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. ТРАЈНО СЕ ОДЗЕМА дозволата за работа на Еуростандард банка АД Скопје - Дирекција за услуги со хартии од вредност издадена со Решение на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија број УП1 08-132 од 25.1.2016 година и број УП1 08-50 од 15.6.2020 година за вршење на сите услуги со хартии од вредност за кои има добиено дозвола од Комисијата.

2. Одземањето на дозволата од точка 1 од ова решение се врши поради донесено Решение бр. 15-20139/1 од 12.8.2020 година на Народна банка на РСМ за укинување на дозволата за основање и работење и исполнување на условите за отворање на стечајна постапка на Еуростандард банка АД Скопје.

3. Се задолжуваат Македонската берза АД Скопје и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје веднаш по приемот на ова Решение трајно да ја исклучат од членство Еуростандард банка АД Скопје.

4. Еуростандард банка АД Скопје не може да побара обновување на дозволата за работење пред истекот на шест месеци од денот на донесување на ова Решение.

5. Жалбата на ова решение не го одлага неговото извршување, а истото ќе се објави во „Службен весник на РСМ“.

Број УП1 08-63
13 август 2020 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

---

**2543.**

Врз основа на член 49, член 63 и член 64 од Законот за преземање на акционерските друштва „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.69/2013, 188/2013 166/2014, 154/2015, 23/2016, 248/2018 и 31/2020), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 13.8.2020 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. СЕ УТВРДУВА ЗА УСПЕШНА понудата за преземање на акции издадени од Агроплод АД Ресен дадена од Трговското друштво за трговија производство и услуги на големо и мало ПРЕХРАНБЕНА ИНДУСТРИЈА СВИССЛИОН ДОО увоз-извоз Скопје.

2. СЕ ЗАДОЛЖУВА преземачот од точка 1:

- согласно со член 49 став (3) од Законот за преземање на акционерските друштва да го објави ова решение на начин како што е објавена понудата за преземање и

- согласно со член 63 и член 64 од Законот за преземање на акционерските друштва да го депонира паричниот износ потребен за откуп на преостанатите хартии од вредност со право на глас издадени од Агроплод АД Ресен кои не се во негова сопственост и да не го подигнува овој износ до истекот на рокот од 90 дена од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на роковите за исполнување на обврските согласно член 50, член 51 и член 52 од Законот за преземање на акционерски друштва или да обезбеди банкарска гаранција во согласност со членот 34 од Законот за преземање на акционерските друштва.

3. Жалбата изјавена против ова решение не го одложува неговото извршување.

4. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

УП 1 Број 10-47
13 август 2020 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

---

Në bazë të nenit 49, nenit 63 dhe nenit 64 të Ligjit të Bartjes së Shoqërive Aksionare (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 69/2013, 188/2013 166/2014, 154/2015, 23/2016, 248/2018 dhe 31/2020), Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut në seancën e mbajtur më datë 13.8.2020, e miratoi këtë

**A K T V E N D I M**

1. VËRTETOHET SI E SUKSESSHME oferta për bartje të aksioneve të emetuara nga Agroplod SHA Resnjë e dhënë nga Shoqëria Tregtare e Tregtisë, Prodhim dhe e Shërbimeve me Shumicë dhe Pakicë INDUSTRIA E USHQIMIT SVISSLION SHPK import-eksport Shkup.

2. NGARKOHET bartësi nga pika 1:

- në përputhje me nenin 49 paragrafi (3) të Ligjit të Bartjes së Shoqërive Aksionare, ta publikojë këtë aktvendim ngjashëm siç është publikuar oferta e bartjes dhe

- në përputhje me nenin 63 dhe nenin 64 të Ligjit të Bartjes së Shoqërive Aksionare, të depozitojë shumën në para të nevojshme për riblerje të letrave me vlerë të mbetura me të drejtë vote, të emetuara nga Agroplod SHA Resnjë, që nuk janë në pronësi të tij dhe të mos e rritë këtë shumë deri në përfundimin e afatit prej 90 ditësh nga dita e botimit të këtij aktvendimi në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe të afateve për përmbushjen e detyrimeve në përputhje me nenin 50, nenin 51 dhe nenin 52 të Ligjit të Bartjes së Shoqërive Aksionare ose të sigurojë garancë bankare në përputhje me nenin 34 të Ligjit të Bartjes së Shoqërive Aksionare.

3. Ankesa e paraqitur kundër këtij aktvendimi nuk e vonon zbatimin e tij.

4. Ky aktvendim do të botohet në „Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut“.

PA 1 Numër 10-47
13.8.2020
Shkup

Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës
së Maqedonisë së Veriut
Kryetarja,
Mr.Sc. **Nora Aliti,** d.v.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.**
**в. д. директор и одговорен уредник – Татијана Лалчевска**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница НАПРЕДОК ДООЕЛ Тетово.**

ISSN 0354-1622
2020205